Врз основа на одредбите од Законот за трговските друштва и одредбите од Статутот на ИНТЕРПРОМЕТ Акционерско друштво за промет на стоки и услуги на големо и мало-Тетово, со седиште на ул.Илинденска бр.18-а, Тетово, ЕМБС 4057783 и ЕДБ 4028974115871 – пречистен текст на Статутот заведен во Друштвото под број 0101-453/1 од 15.09.2021 година, како и во согласност со одредбите од Планот за поделба на друштвото донесен со одлука на управниот одбор за донесување на план за поделба на ИНТЕРПРОМЕТ АД Тетово со издвојување со основање на ново трговско друштво од ден 24.11.2025 година, заведена во друштвото под архивски број 0202-466/2 од 24.11.2025 година и изготвен во форма на нотарски акт број ОДУ 498/2025 од ден 25.11.2025 година на нотар Нита Џафери-Исени од Тетово, Собранието на акционери на ИНТЕРПРОМЕТ АД Тетово, на седницата одржана на ден 30.01.2026 година, ја донесе следната:

интерпромет
а. д.
Бр. 0201-55/1
30.01.2026 год.
ТЕТОВО

# ОДЛУКА
## за намалување на основната главнина

**Член 1**

Во постапката за поделба по моделот издвојување со основање основната главнина на ИНТЕРПРОМЕТ Акционерско друштво за промет на стоки и услуги на големо и мало-Тетово (Друштво што се дели со издвојување со основање) се намалува за номиналната вредност на акциите за кои од страна на **1 (еден)** акционер е преземен удел во новооснованото друштво.

**Член 2**

По реализацијата на статусната промена, основната главнина на ИНТЕРПРОМЕТ Акционерско друштво за промет на стоки и услуги на големо и мало-Тетово се намалува за износ од **1.111.914 евра или за 20.912 обични акции**, така што основната главнина на ќе биде изразена на следниот начин:

Вкупната основна главнина на ИНТЕРПРОМЕТ АД Тетово ќе биде во износ од **1.597.386 евра** и истата ќе биде поделена на вкупно **30.043** акции од кои:

- **29.702** обични акции со вкупна номинална вредност од **1.579.255 евра** и
- **341** приоритетни акции резервиран општествен капитал за поранешните сопственици, со вкупна номинална вредност од **18.131 евра**.

**Член 3**

Оваа одлука стапува на сила на денот на нејзиното донесување.

**Собрание на акционери на ИНТЕРПРОМЕТ АД Тетово**

**Претседавач:**

____________________________